# Процесот РЕКОМ

## Извештај

## Мај 2006-август 2011.

Процесот РЕКОМ започна со покренување на регионална расправа за механизмите за утврдување и јавно соопштување на фактите за непосреднато минато кои, покрај кривичните судења, можат дополнително да придонесат за создавање на сеопфатни записи за минатото. Одлуката за отпочнување регионална расправа е донесена на состанокот на 10 водечки организации за човекови права од регионот, во септември 2005. година , во Белград, а го организираше Фонот за хуманитарно право. Освен учесниците од пост-југословенските земји, на состанокот присуствуваше и Марк Фриман од Меѓународниот центар за транзициска правда (ИЦТЈ). Учесниците на состанокот ги поддржаа судењата за воени злосторства како најважен правен инструмент за утврдување на индивидуалната кривична одговорност за направените злосторства, но оценија дека тие не се доволни за изгрдаба на историски запис за минатото. Фондот за хуманитарно право (ФХП), Истражувачко- документарниот центар (ИДЦ) со седиште во Сараево и Документа[1] со седиште во Загреб, ја презедоа обврската, во рамките на невладиниот сектор од регионот, да започнат дебата за механизмите за утврдување и кажување на фактите за се што се случи во минатото

### 1. Консултативен процес

Дебатата е отворена во мај 2006. година , на Првиот регионален форум за механизмите за утврдување на фактите за минатото, кој го организираа ФХП, ИДЦ и Документа. До крајот на јуни 2011. година се одржани 127 консултации, седум регионални и еден меѓународен форум за транзициска правда. Во консултациите учествуваа 6187 активисти на организациите за човекови прва ,организации на млади, здруженија на семејства на жртви, логораши, ветерани/борци, потоа уметници, наставници, претставници на црквите и на верските заедници , како и други групи и здуженија од невладиниот сектор од сите држави-наследнички на некогашната СФРЈ.

[1] Во настојувањето да го поттикне процесот на соочување со минатото и констатирање на вистината за војната, Центарот за мир, ненасилство и човекови права од Осиек, Центарот за мировни студии, Граѓанскиот одбор за човекови права, како и Хрватскиот хелсиншки одбор за човекови права во 2004. година ја основале Документа.

Консултатицниот процес се одвиваше во форма на локални,на национални и на регионални дебати (јавни консултации) во помали групи и расправи во рамките на форум со 200 до 300 учесници. Во работата на форумите учествуваа и претставници на државите и на меѓународните организации. Стручната поддршка за даваа експерти од ИЦТЈ.

Во јуни 2010. година, во консултативниот процес се вклучуваат невладини организации и здруженија на жртви и на ветерани од Македонија, а потоа и невладини организации и здружението на избришаните од Словенија.

Консултативниот процес е осмислен како јавна платформа за глас на жртвите и на цивилните групи кои бараат одговорен однос кон тешкото наследство; како активно заговарање и придобивање на широката јавност и на властите за основање на Регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и дрги тешки повреди на човековите права на територијата на некогашната СФРЈ; и како комуникациски канал за изградба на Предлог-статут на РЕКОМ

Консултативниот процес имаше три фази: најпрвин се расправаше за потребите и за очекувањата на жртвите во однос на тешкото наследство на минатото и за вансудските механизми за утврдување на фактите за воените злосторства. Потоа учесниците , уважувајќи го искуството на други пост-конфликтни и пост-тоталитарни општества и специфичноста на војните на територијата на некогашна СФРЈ, изнесуваа предлози,мислења и препораки за моделот на Регионалната комисија за утврдување на фактите за воените злосторства . Во третата фаза, почнувајќи од мај 2010. година , учесниците дискутираа за Нацрт-статутот на РЕКОМ кој, врз основа на предлозите,мислењата и препораките на учесниците во консултативниот процес и на решенијата на успешните комисии за вистината, го состави Група експерти на Коалицијата за РЕКОМ. Следуваа консултации- пред се со невладини групи кои учествуваа во обликувањето на моделот на РЕКОМ, а потоа и со правници од регионот. Имаше жолчни расправи, стравувања дека некои ставови се непомирливи, но сепак тригодишната заедничка работа овозможи компромисно да се дојде до заеднички документ. Собранието на Коалицијата за РЕКОМ на 26.03.2011. година го усвои Предлог-статутот на РЕКОМ.

### 1.1 Консултации за механизмите за утврдување и кажување на фактите за воените злосторства во бивша Југославија

Девет консултации (пет регионални и четири национални) и три регионални форуми за транзициска правда, одржани во периодот од мај 2006. до мај 2008. година беа посветени на согледување на потребите и на очекувањата на жртвите и на семејствата на жртвите во однос на тешките повреди на човековите права во минатото, како и размена на мислења за тоа какви вонсудски механизми одговараат на општествата на чија територија се воделе повеќе војни и каде повеќе од 1. 000.000 лица се раселени.

Учесниците на консултациите и на форумите дадоа целосна поддршка на домашните судења за воени злосторства, укажувајќи дека станале поквалитетни и попрофесионални благодарение на

регионалната соработка меѓу националните обвинителства[2]. Регионален пристап треба да се примени и во утврдувањето и во јавното изнесување на фактите за воените злосторства врз однова на искуствата на жртвите[3] - беа согласни учесниците на споменатите консултации и форуми.

На Третиот регионален форум за транзициска правда, одржан во Белград 11-12.О2.2008. година ФХП, ИДЦ и Документа излегоа со предлог за основање на регионално тело кое ќе се занимава со утврдување на фактите за воените злосторства, што беше поддржано од учесниците како конкретизација на дебатата за вонсудски механизми. Јавното сведочење на жртвите, кое од почетокот на консултативниот процес беше за прв пат организирано, учесниците го препознаа како главна активност на тоа регионално тело.

### 1.1.2. Поддршка на Иницијативата за основање на РЕКОМ

На консултациите со семејствата на жртвите, на логорашите и на ветераните од Хрватска,од БиХ, од Србија, од Црна Гора и од Косово, на 9.05.2008. година во Црна Гора, ФХП, ИДЦ и Документа излегоа со иницијатива за оснивање на **Регионална комисија за утврдување и јавно изнесување на фактите за воените злосторства** и ги повикаа учесниците активно да се вклучат во обликувањето на моделот на таа комисија.

Учесниците предложија основање на регионална коалиција која ќе ја промовира Иницијативата за основање на Регионална комисија, фокусирана на искуствата на жртвите. Наташа Кандиќ предложи на регионалната комисија да и се даде името **РЕКОМ.**

### 1.1.3. Основање на Координативен совет и на Коалицијата за РЕКОМ

Предлагачите на иницијативата, ФХП, Документа и ИДЦ го формираа[4] Координативниот совет , со членови на повик, чија прва задача беше да се формира Коалиција за основање на РЕКОМ и врз неа да се пренесе управувањето со консултативниот процес. До 28.10.2008. година , кога на Четвртиот регионален форум за транзициска правда, одржан во Приштина, формално е основана Коалицијата за РЕКОМ , 100 невладини организации и здруженија, учесници на дотогашниот консултативен процес, писмено го известија Координативниот совет дека сакаат да бидат членови/членки на Коалицијата за РЕКОМ.

Во јули 2011. година, бројот на членовите на Коалицијата порасна на 1818: 343 невладини организации,64 здруженија на жртви и членови на семејства на жртви, 12 здруженија на

---

[2] Младен Бајиќ, Државен адвокат на Република Хрватска, *Консултативен процес за утврдување на фактите за воените злосторства и други тешки кршења на човековите права направени на подрачјето на некогашна СФРЈ,* јуни 2011, стр. 119.

[3] Есад Кочан, неделник *Монитор,* Црна Гора, *Консултативен процес за утврдување на фактите за воените злосторства и други тешки кршења на човековите права направени на подрачјето на некогашна СФРЈ, јуни 2011, стр.119.*

[4] Координативниот совет е формиран на 9.05.2008. година во Подгорица, Црна Гора.

ветерани, 25 медиуми, 8 верски организации, 10 организации како што се политички партии, ограноци и одбори на политички партии, организации на локалната самоуправа и 1357 поединци од редовите на жртви, религиозни заедници,уметници, режисери, и други. Коалицијата во БиХ брои 369 членови, во Црна Гора 151, во Хрватска 174, на Косово 404, во Македонија 30, во Словенија 22 и во Србија 668 членови.

Највисокото тело на Коалицијата за РЕКОМ е Собранието кое заседава според делегатски систем, пред се заради големиот број членови. До крајот на јули 2011. година Коалицијата за РЕКОМ одржа пет седници на Собранието на членките на Коалицијата. На првото заседание на собранието во мај 2008. година , во Будва, Собранието го донесе Статутот кој ги регулира правата и обврските на Собранието и на членките на Коалицијата за РЕКОМ.

Координативниот совет има задача да го надгледува спроведувањето на одлуките на Собранието на Коалицијата за РЕКОМ. Членовите на Координативниот совет за својата работа не примаат надоместок , освен два члена кои примаат дневници за своето учество во работата на КС, зашто и двајцата се невработени.

Сектераријатот е стручно тело кое има соработници кои примаат надоместок за својата работа во склад со проектот за кој се одговорни во Фондот за хуманитарно право. Членовите на Секретаријатот спроведуваат активности, дефинирани со проектот и поддржани со одлуката на Собранието на Коалицијата за РЕКОМ.

### 1.2. Изградба на моделот РЕКОМ

Во периодот од јуни 2008. до јуни 2010. година траеше интензивната расправа за целите, за задачите, за надлежностите,за улогата на РЕКОМ во кривичното процесуирање ,во јавното сведочење и други елементи на Регионалната комисија. Одржани се 77 консултации[5] и три регионални форуми, во кои учествуваа 3 509 претставници на организации за човекови права, организации на млади, историчари и поединци од други цивилни групи.

Во текот на двегодишната расправа искристализиран е ставот дека примарна задача на Рагионалната комисија траба да биде утврдување на фактите за сите воени злосторства, додека во врска со причините за војната мислењата беа поделени. Сите се согласија дека нема поважна задача од именична евиденција на жртвите на воените злосторства, на настраданите и на исчезнатите,како и тоа дека РЕКОМ треба да ги попише бившите логораши и сите места каде имало затворање. Во врска со кршењето на човековите права, учесниците без исклучок се согласија дека РЕКОМ повеќе отколку кој било друг механизам може да придонесе за решавање на судбината на исчезнатите и за откривање на масовните гробници. Членовите на семејствата на исчезнатите предложија РЕКОМ да може на судот да му предлага амнестија за извршителите кои ќе ја откријат локацијата на масовна гробница, нешто што го поддржаа добар дел од учесниците,но некои решително беа против. Поголемиот број учесници се залагаше РЕКОМ да

[5] Одржани се шест регионални, 38 национални и 33 локални консултации во БиХ,Хрватска,Црна Гора,Србија и на Косово.

има право да ги повикува некогашните функционери на цивилната власт,претставници на медиуми, институции  и верски заедници да зборуваат за улогата и дејствувањето на институциите, што го прифати мнозинството,а некои се согласни дека  РЕКОМ треба да му се обрати на судот за помош во случај сведокот да одбие да се појави пред комисијата.

### 1.3 Расправа за Нацрт-статутот на РЕКОМ

Третата фаза почна во мај 2010. година кога на консултациите со здруженијата на жртвите во Тузла е претставена првата фаза на Нацрт-статутот на РЕКОМ. За документот се расправаше на следните 22 консултации и на три работни групи на Седмиот регионален форум за транзициска правда. Во рамките на одржаните консултации, правниците учествуваа на осум собири. Од почетокот до крајот на консултативниот процес тие беа единствени во своите ставови за овластувањата на комисијата.

Големи расправи имаше околу одредбата на Нацрт-статутот , РЕКОМ да врши правна квалификација на воените злосторства, од геноцид до силување. Правниците беа едногласни дека правното квалификување на делата е во надлежност на судот. Од друга страна мислењето на експертите од ИЦТЈ беше дека комисиите за вистината треба да бидат независни и од одлуките на судовите. Примерот на Историската комисија во Гватемала која злосторствата во таа земја правно ги квалификуваше како геноцид, дополнително ги подели учесниците. Освен тоа, некои учесници сметаа дека евиденцијата на воените и на цивилните човечки загуби, како што е дадена во Нацрт-статутот, може вештачки да го зголеми бројот на воените загуби и со тоа да влијае врз измена на карактерот на војната. Се чинеше дека е невозможно да се дојде до заеднички став. Сепак, превладеа заедничкиот интерес да се прекине балканската практика на безимени зртви, и со компромис, три денови спроти закажаното Собрание на Коалицијата за РЕКОМ,се  дојде до заеднички документ.

#### 1.3.1. Усвојување на Предлог-статутот на РЕКОМ

Коалицијата за РЕКОМ  на Собранието одржано  на 26.03.2011. година го усвои Предлог-статутот на РЕКОМ. Предлогот го подготви група експерти на Коалицијата за РЕКОМ, врз основа на предлозите и на препораките на учесниците на консултативниот процес и врз анализите на статутите на успешни комисии за вистината и врз законодавството на парламентарни и истражни комисии во пост-југословенските земји. Во групата експерти беа: политикологот Вјеран Павлаковиќ (Хрватска), правниците Теа Горјенц Прелевиќ (Црна Гора), Мидхат Измирлија (БиХ) и Теки Бокши (Косово) и историчарката Маријана Тома (Србија), со стручна поддршка на косултантот од Меѓународниот центар за транзициска правда, Богдан Иванишевиќ.

Предлог-статутот на РЕКОМ е составен на албански,на босански,на црногорски,на хрватски,на македонски,на словеничкки,на српски и на англиски јазик. Групата експерти која го состави Предлог-статутот напиша и „Образложение кон Предлог-статутот на РЕКОМ“ на сите локални јазици.

### 1.4 Извештај за консултативниот процес за Иницијативата за основање на РЕКОМ

Консултативниот процес, од Првиот регионален форум за транзициска правда, одржан на 5-6.05.2006. година во Сараево (БиХ), до последните консултации за Нацрт-статутот на РЕКОМ, во февруари 2011 година, во целост е претставен во публикацијата *Консултативниот процес за утврдување на фактите за воените злосторства и други тешки кршења на човековите права извршени на подрачјето на некогашна Југославија.* Публикацијата ги содржи сите изнесени предлози,мислења и препораки на учесниците на консултативниот процес за вонсудските механизми за утврдување на фактите, Иницијативата за основање на РЕКОМ и за Нацрт-статутот на РЕКОМ. Публикацијата е издадена на BHS јазици, албански,македонски,словеначки и англиски јазик. Вкупно, на сите јазици, печатена е во 1320 примероци.

Освен тоа ,сите консултации и форуми се снимани, така што за консултативниот процес зборуваат 127 прилози и четири документарни филмови[6].

## 2. Медиумска кампања

Медиумската кампања е започната во јуни 2010. за да информира и да ја придобие јавноста за Иницијативата за РЕКОМ.

### 2.1. Медиумската кампања како промотер на Иницијативата за РЕКОМ

Првата фаза на медиумската кампања под назив *За РЕКОМ* е лансирана на 1. јуни 2010. година и тоа истовремено во Сараево и во Бања Лука (БиХ), во Белград (Србија), во Погорица (Црна Гора), Приштина/Prishtinë (Косово) и во Загреб (Хрватска). Пораката на кампањата беше *Факти за сите жртви од војните 1991-2001.на подрачјето на бивша СФРЈ.*

Во рамките на кампањата беше емитуван тв спотот *Зошто РЕКОМ*, со учесници кои зборуваат на своите мајчини јазици. Во периодот од 3.06. до 15.07. 2010 година спотот е емитувам 1 543 пати на јавни и на приватни телевизии. Радио-џингловите со *Зошто РЕКОМ* се емитувани 4 205 пати на радио-станиците во регионот.

Објавени се девет огласи во печатот. Во осум локални весници се пласирани 90 000 подлистоци *Да знаема, Заради мене, Заради него , Заради нас* со по три различни фотографии и слогани. Вкупно се објавени 540 000 подлистоци.

Направена е и web страница www.zarekom.org на која од јуни 2010 е овозможен онлајн пристап до Коалицијата за РЕКОМ. На повеќе од 20 портали поставен е банерот на Иницијативата за РЕКОМ. Од 15.07.2010. година Иницијативата РЕКОМ е достапна и на корисниците на општествените мрежи Facebook и Twiter.

Во периодот од 1.11.2010. до 26.04.2011. година , Иницијативата РЕКОМ беше главна тема на 11 тв емисии и на една радио-емисија[7].

---

[6] До средината на септември ќе бидат дигитално изменето видео на сите 127 придонесите.

Меѓународниот фестивал на мали и експериментални сцени во Сараево (МЕСС) одржан од 16 до 31.10.2010 година беше во целост посветен на Иницијативата за РЕКОМ. Во рамките на фестивалот претставата *Генерација' 91-95.* на Загрепскиот театар на младите ја промовираше Иницијативата за РЕКОМ на 27.10.2010. година.

Претставата *Аналогии* на Тетарот семејство на бистри потоци од Србија ја промовираше Иницијативата за РЕКОМ во Словенија и во Македонија (Љубљана и Марибор на 7-ми, 8-ми и 9-ти февруари 2011; Скопје 31.03. и 01.04.2011.)

### 2.2. Истражување на јавното мислење за Иницијативата за РЕКОМ

Со цел за подготовка за кампањата за собирање на потписи за поддршка на Иницијативата за РЕКОМ,благодарејќи и на поддршката на ОАК фондацијата, агенцијата *Ipsos Strategic Pro,* во приодот од 17.02 до 20.03.2011. година , во Хрватска, во Босна и Херцеговина,во Србија, во Црна Гора, во Македонија и на Косово се спроведе истражување за јавното мислење на за Иницијативата за РЕКОМ.

Резултатите од истражувањето покажаа дека најголем број испитаници смета дека постои потреба од регионално меѓудржавно тело кое би се занимавало со утврдување на факти за злосторствата и за жртвите од војните на подрачјето на некогашна СФРЈ. Петицијата за основање на такво тело ја потпишаа мнозинство граѓани на Косово (95 отсто), во Црна Гора (86 отсто), во Федерацијата БиХ (85 отсто) и Македонци (75 отсто), додека во Србија петицијата ја потпишаа околу 63 отсто жители на Србија,а во Република Српска и во Хрватска значително под 50 отсто. Истражувањето покажа дека Иницијативата за РЕКОМ најмалку е позната во Хрватска и во Република Српска БиХ.

Во пракса се покажа дека Иницијативата РЕКОМ најмногу ја поддржаа на Косово,а најмалку во Хрватска, точно како што покажуваше истражувањето. Најголемо изненадување беше големиот

---

7 Во мошне гледаната емисија Око на РТС( Србија) 3.12.2010.година, за Нацрт-статутот на РЕКОМ говореа одвокатот Томислав Вишњиќ (Србија) и Теки Бокши (Косово) и членот на Коалицијата за РЕКОМ, Амир Кулагиќ (БиХ)

Радио Слободна Европа на 26.12.2010 година ја емитуваше емисијата *Мост* , во која за Иницијативата за РЕКОМ зборуваа Дино Мустафиќ и Наташа Кандиќ, директорка на ФХП.

Во емисијата *БХТ Клуб* емитувана ( платена програма) на 14.12.2010.година на БХТ (БиХ) за потенцијалот на Иницијативата за РЕКОМ во поглед на помирувањето во регионот говореа Дино Мустафиќ, режисер и директор на Меѓунартодниот театарски фестивал МЕСС(БиХ), Суада Капиќ, режисерка и авторка на проектот Опсада на Сараево, Срѓан Пухало, психолог од Бања Лука и Велимир Њириќ-Пшеничник, артист од Мостар.

Во емисијата *Балкан експрес* (платено емитување) на ТВ АТЛАС, емитувана на 22.02.2011. година во живо за Иницијативата за РЕКОМ говореа Драгољуб Вуковиќ, долгогодишен новинар и член на коалицијата РЕКОМ и Еуген Јаковчиќ, медиумски координатор на иницијативата за РЕКОМ во Хрватска. Емисијата е репризирана.

На ТВ Б92 Инфо (Србија) во рамките на циклусот *Полни раце минато* емитувани се (платена програмна) три емисии за Иницијативата за РЕКОМ , во кои гостуваа Жарко Пуховски, професор на Фолозофскиот факултет во Загреб (11.02.2011), Весна Пешиќ, социолог и пратеничка во Народното собрание на Република Србија (11.03.2011.) и Соња Бисерко, претседателка на Хелсиншкиот одбор за човекови права на Србија (12.04.2011).

број потписи во Бања Лука (Република Српска БиХ) и отсуство на очекуваната поддршка во Сараево ( Федерација БиХ).

### 2.3. Медиумска кампања како поддршка на кампањата за собирање на потписи

Во периодот од 26.04.2011. до 30.06. 2011 година главната порака на медиумската кампања беше:*РЕКОМ-дај потпис.*

Најнапред агенцијата Irsos Strategic Pro во рамките на фокус групите во април 2011 година спроведе истражување за реакцијата на публиката на пет тв спотови. Емитувањето започна на 26 април 2011 година , кога во целиот регион почна и кампањата за собирање на потписи. Спотовите беа емитувани на јавните и на приватните телевизии во сите држави на некогашна Југославија, вкупно 1 056 пати[8].

За емитување на радио произведени се осум џинглови . Емитувани се 1 464 пати на радио-станиците во Србија,во Црна Гора, во Словенија и во Хрватска[9].

Во осум телевизиски емисии (платена програма) за Иницијативата за РЕКОМ говореа членовите на Коалицијата за РЕКОМ и угледни јавни личности кои ја поддржуваат иницијативата за РЕКОМ[10].

---

[8] Во Србија 492 прикажувања на РТС, на ТВ Пинк, на ТВ Прва ( *Порака и Костур*); во БиХ 63 емитувања на БХТ (*Порака, Костур и Кукла)*; во Хрватска 92 емитувања на Kapital Network,ХРТ, Јадран и Осиечката тв (*Костур*); во Црна Гора 60 емитувања на РТЦГ (*Кукла*); на Косово 205 емитувања на РТК , КТВ, РТВ21 и КЛАН Косово (*Кукла*) ;во Македонија 124 емитувања на Канал 5, ТВ 24 часа и Алсат-М ( *Порака, Костур и Кукла*); во Словенија 20 емитувања на РТ Словенија (*Порака).*

[9] Во Србија 143 емитувања на Радио Ц, Индекс и Роадстар; во БиХ 341 емитување на БХ Радио 1, Радио Сараево и Радио Камелеон; во Црна Гора 961 емитување на Радио Д , Радио Корона, Радио Озон, Адриатик радио, Радио 083, Јурок радио и Скала радио; во Словенија 15 емитувања на Радио Студент; во Хрватска четири емитувања на Радио Вуковар,ХР Радио, Сљеме,Радио 101, Отворено радио.

[10] Во рамките на циклусот *Полни раце минато* на ТВ Б92 ИНФО (Србија) емитувани се (платени огласи) уште три емисии во кои за Иницијативата за РЕКОМ говоера Маја Мичиќ,претседателката на иницијативата на младите за човекови права во Србија ( на 13.05. 2011), Драган Пјевач, член на *Солза,* Здружение на семејствата на загинатите и исчезнатите Срби во Хрватска (на 10.06. 2011) и Наташа Кандиќ ( на 26.06. 2011). Во емисијата *Иницијатива за РЕКОМ* емитувана (платена програма) на Kapital Network(Хрватска) на 6. 05. 2011 и репризно на 13-ти , 20-ти и 27. 05. 2011. Говореа Весна Тершелик (Документа), Лазар Стојановиќ ( директор на медиумската кампања на Иницијативата за РЕКОМ) и Жељко Сабо ( поранешен логораш и градоначалник на Вуковар).
На Kapital Network на 6-ти,на 13-ти , на 20-ти и на 27. 05. 2011 година е емитувана и е репризирана (платена реклама ) емисијата *Иницијатива за* РЕКОМ во која учествуваа Весна Тршелиќ, (Документа), Лазар Стојановиќ ( директор на медиумската кампања на Иницијативата за РЕКОМ) и Жељко Сабо ( поранешен логораш и градоначалник на Вуковар).
ТВ Осиек (Хрватска) ја емитуваше на 18.05.2011 година (платена реклама) емисијата *Картите на маса* на новинарот Гордан Фаудер во која гостуваше Весна Тершелиќ. Во емисијата се прикажани прилози во кои за Иницијативата за РЕКОМ говореа Катарина Крухоња, членка на Координативниот совет на Коалицијата за РЕКОМ, Мирен Шпек, локален координатор на кампањата за собирање потписи, како и противниците на иницијативата, историчарот Јосип Јурчевиќ и Анте Назор. Пред и по емисијата емитуван е и спотот *Костур.*
На НТВ МОНТЕНА, во емисијата ОЧИ во ОЧИ (платена програма) емитувана на 19.05.2011. година, за Иницијативата за РЕКОМ говореа Милан Антониевиќ (YUCOM Србија), Дијана Уљаревиќ (Форум МНЕ, Црна

Огласот *РЕКОМ дај потпис* е објавен во печатените медиуми во Србија[11], во Босна и Херцеговина[12], во Хрватска[13] и во Словенија[14]. Огласот *Реком дај потпис* е прикажан на страниците на корисниците на Facebook 45 141 475 пати, а го посетиле (кликнале) 28 003 корисник од Албанија, од Босана и Херцеговина, од Косово, од Хрватска, од Македонија и од Србија. Промо-пораки со иста содржина се испратени на 428 121 корисници на базата на податоци на сајтот Neogen.rs и 6 908 корисници ја прочитале пораката и се информирале за Иницијативата РЕКОМ

На најважните портали во регионот се поставени 12 нови бинери со пораката *Реком дај потпис*[15]. На страниците на повеќе од 250 организациичиј ангажман се однесува на соочување со минатото и со воените злосторства, поставен е линк кон страниците *на* Иницијативата за РЕКОМ www.zarekom.org.

Веднаш по започнувањето на кампањата за собирање потписи за поддршка, на 27.04.2011 година, страницата на Иницијативата за РЕКОМ на Фејсбук ја посетиле 35 565 корисници. Од 7.10.2010, заклучно со 31.08.2011. на таа страница поддршка и изразиле 1 720 корисници, во просек 34 нови корисници дневно.Во неодамнешниот период поставени се 3 343 содржини кои корисниците ги погледале 1 314 223 пати. Дополнителните страници посветени на РЕКОМ, кои корисниците самоиницијативно ги прават, ги посетуваат и голем број на корисници ( *Србија за РЕКОМ* над 2 000, *Хрватска за РЕКОМ*- над 1 300, и т.н).

Кон крајот на март 2011. година поставена е редизајнирана страница на сајтот www.zarekom.org. Врз основа на статистиката на Google Anlytics посетеноста на сајтот од тогаш опаднала за 1, 48

---

Гора) и Мирела Ребровња (пи-ар и координаторка на Иницијативата за РЕКОМ во Црна Гора). Емисијата е репризирана на 11 и на 14. 05. 2011. година).
ТВ Јадран ,локана телевизија во Далмација ја емитуваше емисијата (платена програма) *Иницијатива за РЕКОМ* на 22.05. 2011. година. Пред и по емисијата емитуван е спотот *Костур.*
Во емисијата Еврозум (производство на Коалицијата за РЕКОМ) , емитувана на македонската ТВ А1 на 12.05.2011. година за поддршката на Иницијативата за РЕКОМ говореа Пјер Мирел, директор за западен Балкан во Генералниот директорат за проширување на Европската комисија и претеничката во Европскиот парламет, Тања Фајон, потоа Наташа Кандиќ, извршна директорка на ФХП, Фросина Пандуровска-Драмикјанин , пи-ар на Иницијативата за РЕКОМ во Македонија и Гордана Дувњак ,член на Координативниот совет на Коалицијата за РЕКОМ од Македонија.
Емисијата е репризирана на 21.мај 2011. Транскрипт од емисијата е објавен во дневниот весник *Време* на 14.05.2011.
Документарниот филм (производство на Коалицијата за РЕКОМ) за усвојување на Предлог-статутот на РЕКОМ , 26.03.2011. година во траење од 33 минути е емитуван на македонската ТВ 24 часа на 9.04.2011. Авторка на емисијата е новинарката Марина Узунов.

[11] Политика, Данас, Дневник , Magyar Szo, Нин, Време.

[12] Ослобоѓење, Дневни лист, БХ Дани, Слободна Босна.

[13] Новости, Нови лист, 24 сата.

[14] Младина

[15] Меѓу другото, на српските портали www; rts rs;www.pressonline.rs; www.e-novina. com, www.blic.rs; босанско- херцеговските www.sarajevo-h-com; www.depo.ba www.zurnal.ba хрватските www.index.hr;www. net.hr; црногорските www.pcnen.com www.monior.co.me косовскитеwww.telegrafi.com www.coha.net на македонскиот www.alsat-m.tv на словенечкиотwww. мladina.si.

отсто. Вкупно 1.06.2010. до 31.08.2011 52 111 посетители го посетиле сајтот погледнувајќи го 233 668 пати. Во текот на еден ден просечно 114,03 корисници го посетуваат сајтот.

На Форумот www.zarekom.org заклучно со 20.06.2011. се регистрирле 93 223 корисници. Дневно се регистрираат 405,33 нови корисници. На 20.06.2011 на Форумот се поставени 177 теми и 100 содржини. Ви текот на извештајниот период на повеќе од 350 форуми чии содржини се слични на содржината на Форумот www.zarekom.org е поставен лин кон тој форум.

Одржани се четири концерти кои ја промовираат Иницијативата РЕКОМ, во Љубљана (26.05.2011), во Скопје (30.05.2011),во Црна Гора (1.06.2011) и во Босна и Херцеговина (28.05.2011). Концертот во Скопје го проследија повеќе од 1 000 луѓе и се собрани 750 потписи за поддршка за основање на РЕКОМ. Концертот на најпознатата црногорска поп-група *Перпер за РЕКОМ* го слушаа повеќе од 600 луѓе.

По претставата *Генерација 91-95* во Загребскиуот театар на младите на 13.05.2011. одржана е трибина *Уметноста и соочувањето со минатото.*Со помош на Гордана Босанац, ЦМС, на трибината учествуваа: Надежда Чачиновиќ,филозоф,Борут Шепаровиќ, режисер,Дубравка Вргош, управителка на ЗКМ и Весна Тершелиќ. И на факултетите во регионот се одржани повеќе трибини посветени пред се на младите луѓе и нивниот однос кон наследството од минатото, не кои учесниците ќе бидат информирани за иницијативата за РЕКОМ[16].

Претставата *Аналогија* го промовирапе РЕКОМ на 27. И 28. 05. 2011 година на фестивалот *Mixser* во Белград.

---

[16] *Да се знае,да не се повтори*, Факултет за политички науки во Загреб, Хрватска. Учесници: Жарко Пуховски, Весна Тершелиќ, Иван Новосел (6.04.2011.)
*Да се знае, да не се повтори,* Правен факултет во Осиек, Хрватска. Учесници:Катарина Крухоја, Иван Новосел,Еуген Јаковчиќ. (19.04.2011.)
*Кон обновувачката правда и помирување*, советување na Pax Cristi за Средна и Југоисточна Европа, Вуковар, Хрватска. Учесници: Весна Тершелиќ, фра Мијо Џолан, бискуп Kewin Dowling (28).04.2011.)
*Да се знае, да не се повтори* , Филозофски факултет Белград, Србија. Учесници: проф.д-р Бора Кузмановиќ, д-р Јово Бакиќ,д-р Небојша Петровиќ (28.03.2011.)
*Да се знае,да не се повтори* Филозофски факултет Нови Сад, Србија. Учесници: д-р Жолт Лазар, Александра Јерков, Маја Мичиќ, Јована Колариќ. (11.04.2011.)
*Соочување со минатото- Иницијатива РЕКОМ,* Академија за политички развој, Долна Стубица, Хрватска,(14.05.2011.) Уводно излагање: Еуген Јаковчиќ.
*Зошто РЕКОМ-како до сега се носевме со кршењето на човековите права во регионот,*Пула, Хрватска. Учесници: Жарко Пуховски, Еуген Јаковчиќ,Горан Божичевиќ (24.05.2011.)
*Дали знаете што е РЕКОМ?* Трибина во рамките на Фестивалот Vivisekt.Нови Сад,војводина, Србија. Говореа: Марија Гајицки, директорка на фестивалот, Жељко Станетиќ, координатор на кампањата за собирање на потписи во Војводина, Тијана Савков,пи-ар на Иницијативата за РЕКОМ во Србија (15.05.2011.)
*Зошто РЕКОМ?,* Правен факултет на Универзитетот Унион, Белград, Србија. Учесници: проф. Д-р Владимир Водинелиќ, проф. д-р Виолета Беширевиќ и Маја Мичиќ. (18.05.2011)
*Зошто е важно да се потпише за РЕКОМ?* Трибина во рамките на Саемот на организациите од невладиниот сектор, Белград, Србија. Говореа професорот на Правниот факултет Зоран Лилиќ,Ивана Стјеља од Здужението Правници за демократија, претседателот на НУНС, Вукашин Обрадовиќ и Душан Лопушина од Иницијативата на младите за човекови права во Србија. (3.06.2011.)

Во регионалниот и меѓународниот печат се објавени и 11 авторски текстови за Иницијативата за РЕКОМ.[17]

За кампањата за собирање на потписи и за јавното заговарање подготвени се и испечетени се придружни материјали на сите локални јазици и на англиски јазик: информативнен лифлет (390.800), Предлог-статутот на РЕКОМ- Накусо (390 800), Предлог-статутот (4 200), Образложение кон Предлог-статутот на РЕКОМ (330), формулари за попишување и разни промо материјало (налепници, беџови,маици,шамии)

### 3. Кампањата 1 000 000 потписи за РЕКОМ[18]

Кампањата *1 000 000 потписи за РЕКОМ* е отворена на 26.04.2011 со акцијата *Регионално одмрзнување* која е одржана истовремено во Белград, Љубљана, Загреб, Сараево, Бања Лука, Приштина, Скопје. Кампањата траеше од 30. јуни 2011. и за девет недели собрани се 543 870 потписи на поддршка за основање на РЕКОМ. Во Босна и Херцеговина собрани се 122 540 потписи на поддршка,во Хрватска 19 674, во Црна Гора 31 060, во Србија 254 625, на Косово 100 566, во Словенија 5 346 и во Македонија 10 059 потписи.

Регионалните координатори на кампаењата за собирање на потписи беа Иницијатива на младите за човекови права во Србија и Иницијатива на младите за човекови права во Хрватска. Во кампањата учествуваа 1 301 волонтер, активисти на организацијата на младите и членови на подмладоците на неколку политички партии. Тие ги собираа потписите на 219 штандови во главните градови и во поголемите места, како и со акцијата од врата на врата.

Изненадување во кампањата е големиот број потписи кои се собрани во Бања Лука (47 000) и на Косово (100 566) и покрај отсуството на политичка и медиумска поддршка и повикот на бојкот од страна на водечките здруженија на жртви и на борци. Малата поддршка на граѓаните за Иницијативата РЕКОМ во Хрватска во дел е последица на раширениот отпор кон регионалното поврзување, нешто што дополнително беше засилено со осудувачките пресуди на генералите Анте Готовина и Младен Маркач кои Хашкиот трибунал ги изрече на 15. 04 2011. година.

---

[17] Денес (Србија) За мртвите да не молкнат, да го поддржиме РЕКОМ, Лазар Стојановиќ (19.05.2011.)
Јутарњи лист (Хрватска), Зошто го поддржав РЕКОМ, Миљенко Јерговиќ (31.05.2011.)
The New Jork Tajms,The Shame of Serbija, Наташа Кандиќ 5.05.2011.
Слободна Европа, Кандиќ: На регионот му е потребно соочување со минатото (7.06.2011.)
Дани (БиХ),Да го нема Хашкиот трибунал,би требало да се измисли,Ценана Каруп Друшко (1.07).2011.)
Вечерњи лист (Хрватска), Цел на РЕКОМ- не да се утврди конктерниот агресор, Тихомир Дујмовиќ (9.07.2011.)
Блиц.рс (Србија), Без аргументи против РЕКОМ, Горан Милетиќ (12.07.2011.)
Пешчаник (Србија)Страв од мали броеви (12.07.2011.)
Дани (БиХ) Папазјанија,Горан Милетиќ ( 20.07.2011)
Данас (Србија) Залак кој локално застанува во грлото, Светлана Слапшак ( 23.07.2011.)
[18] Повеќе за кампањата за собирање на потписи, во Извештајот за Иницијативата на младите за кампањата 1 000 000 потписи за РЕКОМ www.zarekom.org.

Планираните 1 000 000 потписи не се собрани, нешто што критичарите на Иницијативата РЕКОМ ја оценија како пропаст на процесот и проектот РЕКОМ. Имајќи во вид дека Коалицијата за РЕКОМ обезбеди помал дел од потребните средства за одвивање на кампањата од планираните 2 500 волонтери и 600 штандови во регионот и отпорот на јавноста во Хрватска, објективно говорејќи, собирањето на 543 870 потписи претставуваат голема поддршка за основање на РЕКОМ. Ниту порано, ниту после војната на територијата на некогашната СФРЈ не е организирана ниту една регионална иницијатива која добила поголема поддршка. Иницијативата РЕКОМ стана најважната цивилна иницијатива која има потенцијал да одговори на созреаната општествена потреба за заедничко критичко преиспитување на тешкото наследство на минатото

### 4. Јавно заговарање за основање на РЕКОМ[19]

Иницијативата за основање на РЕКОМ доби декларативна поддршка од највисоките претставници на власта и на политичките елити на пост-гугословенските земји.

Во **БиХ** поддршка за основање на РЕКОМ дадоа Жељко Комшиќ, член на Претседателството на БиХ, Живко Будимир и Светозар Пударќ, претседател и потпретседател на Федерацијата на БиХ, претседателот на СДА, бројни министри, членови на СДП,потоа на политичката партија ХДЗ 1990, на Народната партија *Со работа за подобро,*Наша партија, како и голем број локални политичари.

Во **Хрватска** основањето на РЕКОМ го поддржаа претседателот на Република Хрватска, Иво Јосиповиќ, потпретседателот на Влатата на Република Хрватска, Слободан Узелац, Самостојната демократска српска партија, поедини пратеници во Хрватскиот сабор од Истарскиот демократски сабор и Социјалдемократската партија на Хрватска. Поддршка за основање на РЕКОМ даде и градоначалникот на Вуковар и член на СДП, Жељко Сабо.

Социјал-демократската партија на Хрватска не го поддржа основањето на РЕКОМ. Ставот на СДП на Хрватска е дека за утврдување на фактите за воените злосторства е обврзана државата и дека тоа не смее да се префрла на некое друго тело.

Во **Србија** основањето на РЕКОМ го поддржаа претседателот на Република Србија, Борис Тадиќ, претседателката на Народното собрание на Република Србија, Славица Ѓукиќ- Дејановиќ, претседателот на Владата на Војводина, Бојан Пајтиќ, и претседателот на Собранието на Војводина, Шандор Егереши, партијата Демократска партија, Г17+ Обединетите региони на Србија, Движењето на ветераните, Српското движење за обнова, Лигата на социјалдемократите на Војводина, Либерално-демократската партија и Партијата за демократско дејствување.

Во **Црна Гора** основањето на РЕКОМ го поддржаа претседателот на Црна Гора, Филип Вујановиќ, претседателот на Владата на Црна Гора, Игор Лукшиќ,и пратеничките клубови на Социјалистичката народна партија, Нова српска демократија, Демократската партија на социјалистите и албанските партии.

[19] Повеќе за јавното заговарање во Извештајот за јавното заговарање што го подготви Секретаријатот на Коалицијата за РЕКОМ www.zarekom.org.

На **Косово** основањето на РЕКОМ го поддржа претседателот на Владата на Косово, Хашим Тачи, претседателот на Демократскиот сојуз на Косово, Иса Мустафа, министерот за здравство на Косово, Ферид Агани, партијата Демократски сојуз на Косово, и Алијансата за иднината на Косово, како и една од претставничките на Србите на Косово и носител на Единствената српска листа во парламентот на Косово,Рада Трајковиќ.

Во Македонија основањето на РЕКОМ го поддржаа некои пратеници во парламентот на Македонија, Зумрета Јакупи ( Демократска унија за интерграција) и Стојан Андов (Либерална партија), потпретседателот на  Ливералната партија. Ивон Величковски, членот на Извршниот одбор на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Дане Талевски и партијата Достоинство.

Во **Словенија** основањето на РЕКОМ го поддржаа претседателот на Република Словенија, Данило Турк, претседателот на Државниот збор Павел Гантар, некои пратеници во Државниот збор од Либерална демократија на Словенија и Словенечката демократска партија, народната правобранителна Зденка Чебашек и пратениците во Европскиот парламент, Јелко Кацин и Тања Фајон.

### 4.1. Меѓународна поддршка

Пододборот за човекови права на Европскиот парламент, на заседанието од 30.09. 2010. даде целосна поддршка на иницијативата за основање на РЕКОМ. Директорот на делегацијата за односи со Албанија, со Босна и Херцеговина, со Србија, со Црна Гора и со Косово, Едуард Кукан го повика Европскиот парламент  и Европската комисија долгорочно да ја поддржат „единствената иницијатива“. Во истата прилика директорот за западен Балкан во Генералниот директориум за проширување во Европската комисија, Пјер Мирел рече:„ РЕКОМ е неопходна дополна на судските процеси и за неа мораме да добиеме целосна поддршка на владите и на парламентите“. Претседателот на Подгомитетот за човекови права во Европскиот парламент, госпоѓата Хајди Хаутула оцени „ дека е ова прв пат една толку важна иницијатива да доаѓа оддолу кон нас“.

Поддршката на Европскиот парламент е искажана на на Четвртиот интерпарламентарен состанок на Народното собрание на Република Србија и Европскиот парламент на 5.10.2010. во Белград, кога поддршка на Иницијативата за РЕКОМ искажаа претседателот на Одборот за Европски интеграции на  Народното собрание на Србија, Ласло Варга и председавачот со делегацијата на Европскиот парламет за Албанија, за Босна и Херцеговина,за Србија, за Црна Гора и за Косово, Едуард Кукан.

Европскиот Парламент во Резолуцијата усвоена на 19.01.2011. година ја поддржа Иницијативата за РЕКОМ како процес за подигање на свеста и за помирување ширум Западен Балкан и ги повика властите во Србија и во другите земји да и дадат поддршка на таа иницијатива.

Парламентарното собрание на 26.01.2011. година го усвои извештајот на известувачот на Комитетот за надворешни работи на Советот на Европа, господинот Пјетро Мерченаро, кој  ги повика „ сите земји во регионот на бивша Југославија да учествуваат во основањето на РЕКОМ, независно од нивниот статус,за таа комисија да ја оствари функцијата за целосно помирување и

признавање на жртвите“. Парламентарното собрание ја усвои Резолуцијата 1786 (2011.) во која посебно ја истакна поддршката на иницијативата за формирање на Регионална комисија за кажување на фактите за воените злосторства на територијата на некогашна СФРЈ (РЕКОМ) која има за цел да им одаде попит и да ги признае сите жртви.

### 5. Институционализација на процесот РЕКОМ

Иницијативата РЕКОМ во рацете на власта најптво помина во Црна Гора. Во текот на јуни 2011. година Владата на Црна Гора формираше работна група за разгледување на Иницијативата РЕКОМ. Во Хрватска, Коалицијата за РЕКОМ во јуни 2011 година на претседателот на Хрватска, Иво Јосиповиќ и на членот на Претседателството на Босна и Херцеговина, Жељко Комшиќ им ги предаде Иницијативата за основање на РЕКОМ, Предлог-статутот на РЕКОМ и Петицијата за основање на РЕКОМ.Обајцата изразија силна лична поддршка, обврзувајќи се во своите земји и во рамките на регионалните активности, да ја промовираат Иницијативата за основање на РЕКОМ.

На Коалицијата за РЕКОМ и престојат состаноци со претседателите на останатите држави во регионот,а потоа придобивање на надлежните институции да ја започнат процедурата за склучување меѓународен договор,или склучување политичка спогодба за основање на РЕКОМ.